# Н Е Б И Д Н И Н А

1.

Патував долго, патував цела вечност
од мене до твојата небиднина.
Низ пожари патував, низ урнатини,
низ пепелишта.
По жега, по суша, по невиделина.
Се хранев со лебот на твојата убавина,
пиев од грлото на твојата песна.

Не гледај ги овие црни суводолици
што го параат моето лице -
ми ги подари лицето на земјата.
Не гледај ги овие нерамнини врз плеќите -
ми ги донесе умората на ридјето.
Погледај во овие раце -
два огна,
две реки
темно чекање.
Погледај во овие дланки -
две полиња,
две суши
глуво лелекање.

Патував долго, патував цела вечност
од тебе до мојата небиднина.

2.

А се се случи една ноќ,
ноќ стебла,
ноќ лисје,
ноќ студен ров.
Паднав, потонав во високи треви,
во треви и густа мов.

Се случи тоа една ноќ
вистинито и невистинито
налик на старинска приказна
закопана длабоко во свеста.
Ти дојде и ме однесе како глува поплава,
како матица од подземни места.

И сега сам,
пред овој рид од болка и човештина,
на патишта што не ги знам
завивам раскинат од глад и пцости.
Ти дојде како црна вода на болештина
со која се болува довек
од сите проклетства и злости.

3.

Водо непровирна, водо црна,
ти што откинуваш секој ден
по еден никнат цвет
од каменот на моето чело

и го фрлаш во мрачни бездни
под леката лушпа на своето тело,
водо непрозирна, водо црна,
кој ти го даде тој облик
на таа мисла прекрасна и страшна
што го обвива моето срце
како стебло млада срна,
кој ти го даде тоа име
водо непрозирна, водо црна.

Кој тоа невидлив во мене седи
и пали таен оган,
кој и го руши на крвта видот,
кој ми го краде слухот,
кој одзема видот,
кој пласт врз пласје неуморен реди,
кој тоа невидлив во мене седи.

4.

Стебло што самееш на ридот,
мако во ровка земја,
кој ти ги даде моите очи
што зреат во сонот на твоите лисје.
Погледу зелен, зелено вишнеење,
кој не осуди на исто бдеење.
Стебло што самееш на ридот,
мако во ровка земја,
од каде твоите длабини во мене,
од каде ти во мојата крв.
Кој ги избриша со рака лесна
сите далечини,

сите близини,
кој ни ја досуди таа небиднина
да бидам стебло, да бидеш песна.

5.

Жено непозната, жено мудра,
ти што минуваш секогаш спокојна
крај овој прозор на темнинаната
глува за лелекот,
слепа за очајот,
од каде тоа лажно спокојство,
од каде во тебе мојата крв.
Жено, те чував како тешка тајна
што ќе ја откријам само оној ден
кога ќе се јави развивтано крвта
во час на страшна тишина
за смела последна реч,
светла како вишина,
остра како меч.

Од каде во тебе
мојата крв, жено.
Патував долго, патував цела вечност
од нас до нашата небиднина.